Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-284/4
11. 03. 2025 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ

**на ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА СО НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКИ ПОСТРОЈКИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА НА КП.БР.1251, КП.БР.1252/1, КП.БР.1253, КП.БР.1254 И КП.БР.1255 И ДЕЛ ОД КП.БР.1252/3, К.О.ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**(Одлука на Совет на Општина Петровец со арх.бр.07-605/12 од 27.02.2025 год.)**

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-3314/1 од 17.12.2024 год и 09-284 од 2025 год за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува на Измена и дополна на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија на КП.БР.1251, КП.БР.1252/1, КП.БР.1253, КП.БР.1254 И КП.БР.1255 и дел од КП.БР.1252/3, К.О. Ќојлија, Општина Петровец (Одлука на Совет на Општина Петровец со арх.бр.07-605/12 од 27.02.2025 год.) со технички број тех.бр. **03-423/24** од декември 2024 год. изработен од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга, поднесе барање за одобрување на Измена и дополна на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија на КП.БР.1251, КП.БР.1252/1, КП.БР.1253, КП.БР.1254 И КП.БР.1255 и дел од КП.БР.1252/3, К.О. Ќојлија, Општина Петровец (Одлука на Совет на Општина Петровец со арх.бр.07-605/12 од 27.02.2025 год.) со технички број **03-423/24** од декември 2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Имотни листови

3. Идеен проект

4. Извод од урбанистичка документација

5. Геодетски елаборат

6. Полномошно

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

7. Податоци информации и мислења од релевантни институции

8. Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-59/1 од 10.01.2025 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистички проект со план за парцелација со тех.бр. 03-423/24 од декември 2024 год. може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-284/3 од 10.02.2025 година.

Донесена е Одлука за донесување и усвојување на Измена и дополна на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија на КП.БР.1251, КП.БР.1252/1, КП.БР.1253, КП.БР.1254 И КП.БР.1255 и дел од КП.БР.1252/3, К.О. Ќојлија, Општина Петровец. (Одлука на Совет на Општина Петровец со арх.бр.07-605/12 од 27.02.2025 год.) Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**